Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Ирена Јованова-Поповска и Снежана Наџаковска, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за реконструкција на спортска сала Јанчица во Општина Кичево, реконструкција на спортска сала Партизан во Општина Чаир и изградба на затворен училишен базен во Општина Чаир, со предлог-одлуки

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за реконструкција на спортска сала Јанчица во Општина Кичево, реконструкција на спортска сала Партизан во Општина Чаир и изградба на затворен училишен базен во Општина Чаир, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Ги донесе:

- Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година (спортска сала Партизан, Општина Чаир),

- Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година (затворен училишен базен, Општина Чаир) и

- Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година (спортска сала Јанчица во Општина Кичево),

усогласени со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ја спроведе Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година за реконструкција на спортска сала Јанчица во Општина Кичево.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ја спроведе Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година за реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Чаир.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ја спроведе Одлуката за распределба на средства обезбедени во 2А-спортски објекти, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Агенција за млади и спорт за 2022 година за изградба на затворен училишен базен, Општина Чаир.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

**Заменик на генералниот секретар на**
**Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

**П**